Арховски знак
Shenja Arkivore
Рок на чување
Afati i ruajtjes
Потхо/Nënshkrim
г.А.

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на РМ, на својата 24. седница одржана на 28.11.2013 година, донесе

МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Струга-Strugë
ПРИМЕНО: / PRANUAR: 03.12.2013
Организациона единица / Njësia organizative: 03
Број / Numri: 82/3

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација нова студиска програма „Маркетинг и финансиски менаџмент", трет циклус тригодишни студии на Економскиот факултет при Меѓународниот универзитет во Струга**

1. Се акредитира нова студиска програма **„Маркетинг и финансиски менаџмент", трет циклус тригодишни студии на Економскиот факултет при Меѓународниот универзитет во Струга** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор по економски науки,** Научно- истражувачко подрачје: Општествени науки, Научно поле: Економски науки.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет Економскиот факултет при Меѓународниот универзитет во Струга за организирање трет циклус тригодишна студиска програма „Маркетинг и финансиски менаџмент" и одлуката на Универзитетскиот сенат на Економскиот факултет при Меѓународниот универзитет во Струга за усвојување на таа студиска програма, на 08.01.2013 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

РЕПУ
за по
К
СП